**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И**
**АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 08-33
10.02. **2016 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18, став 1, алинеја 2, член 82, став 1, алинеја 5, и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), а во врска со член 13 ставови 1 и 6 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/14 и 13/14 година), член 126 и член 127 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија", бр.38/05, 110/08 и 51/11), член 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија", бр.124/15), и член 14 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија", бр.62/06 и 150/10), постапувајќи по Предлогот Уп1 бр.08-33 од 09.02.2016 година, за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување, на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш, а согласно Заклучокот бр.02-739/2 од 10.02. 2016 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 06-та седница одржана на 10.02.2016 година донесе:

# ОДЛУКА
## за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш

1. СЕ ОДЗЕМА дозволата, бр. 08-47 од 05.01.2015 година за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш, поради тоа што имателот на дозволата не ги исполнил обврските предвидени во член 13 став 3, а во врска со став 6 од истиот член од Законот за медиуми и не ги доставил потребните податоци до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста.

2. Оваа Одлука е конечна.

3. Оваа Одлука да се објави во "Службен весник на Република Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

## О б р а з л о ж е н и е

Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш, е имател на дозвола за телевизиско емитување бр. 08-47 од 05.01.2015 година, преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на локално

ниво (Општина Радовиш и Општина Конче), за телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик.

Во член 13 став 3 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14) е утврдена обврска за радиодифузерите податоците за сопственичката структура (податоците за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување), податоците за одговорниот уредник/уредници и податоците за изворите на финансирање на радиодифузерот во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) „да ги објават и на сопствената програма, најмалку три пати годишно, во ударни термини и снимката од објавата да му ја достават на надлежното регулаторно тело во рок од 15 дена од денот на објавувањето на начин пропишан од страна на надлежното регулаторно тело".

Во членот 4 од „Правилникот за начинот на објавување на податоците за работењето на радиодифузерите" (бр.01-1567/1 од 27.02.2015 година) е утврдено дека радиодифузерите се должни овие податоци да ги објават најмалку три пати во текот на годината, и тоа: првиот пат најдоцна до 31 март, вториот пат најдоцна до 30 јуни и третиот пат најдоцна до 31 октомври. Во членот 5 од овој Правилник е утврдено дека радиодифузерите се должни во рок од 15 дена од денот на објавување на податоците, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достават снимка од објавената содржина како доказ дека ја исполниле обврската.

Со спроведениот редовен административен надзор на 24.04.2015 година, беше констатирано дека на првиот термин за објавување на податоците (31 март 2015 година), овој радиодифузер не ја исполнил обврската во предвидениот рок (Писмен извештај бр.03-3107/1 од 24.04.2015 година). Затоа, Агенцијата донесе Решение за преземање мерка – опомена бр.03-759 од 29.04.2015 година, со коешто, согласно член 13 став 6 од Законот за медиуми, на радиодифузерот му даде дополнителен рок од 45 дена да ги објави податоците. На 05.05.2015 година, беше спроведен контролен надзор со којшто беше констатирано дека во дополнителниот рок радиодифузерот ги објавил податоците (Писмен извештај бр.03-3239/1 од 05.05.2015 година).

На 27.07.2015 година, беше спроведен редовен административен надзор, со којшто беше констатирано дека овој радиодифузер и во вториот предвиден рок (30 јуни 2015 година), не ја исполнил обврската за објавување на податоците (Писмен извештај бр.03-4841/1 од 28.07.2015 година). Согласно член 13 став 6 од Законот за медиуми, Агенцијата донесе Решение за преземање мерка – опомена бр.03-953 од 31.07.2015 година, и повторно му даде на радиодифузерот дополнителен рок од 45 дена да ги објави податоците. Со контролниот надзор спроведен на 10.08.2015 година, беше констатирано дека во дополнителниот рок радиодифузерот ја исполнил оваа обврска (Писмен извештај бр.03-4989/1 од 11.08.2015 година).

На 25.11.2015 година, Агенцијата спроведе редовен административен надзор над сите радиодифузери за да констатира дали на третиот термин за објавување на податоците (31 октомври 2015 година), ја исполниле обврската од член 13 став 3 од Законот за медиуми. И со овој надзор беше констатирано дека ТРД ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш не ја исполнило оваа обврска (Писмен извештај бр.03-6709/1 од 25.11.2015 година), поради што Агенцијата го опомена (Решение за преземање

мерка – опомена бр.03-1174 од 27.11.2015 година) и му даде дополнителен рок од 45 дена да ги објави податоците. Решението е уредно примено на 28.11.2015 година, за што Агенцијата поседува повратница од Македонска пошта. Радиодифузерот до Агенцијата не достави снимка од објавата на податоците ниту во дополнителниот рок од 45 дена, кој истече на 12.01.2016 година (Писмен извештај за извршен контролен административен надзор бр.03-660/1 од 02.02.2016 година).

Веднаш по истекот на рокот, службите на Агенцијата се обидоа во повеќе наврати телефонски да го контактираат ТРД ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш за да добијат сознанија дали можеби податоците се објавени, но снимката не е стигната во Агенцијата, а на телефонските броеви коишто радиодифузерот ги оставил во Агенцијата никој не се јавуваше. Обидувајќи се да стапат во контакт со управителот на оваа телевизија, службите добија информации дека телевизијата веќе не емитува програма.

За да се потврдат овие информации, на 02.02.2016 година, Агенцијата се обрати до операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, Трговското радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип (допис бр.03-650/1) и Друштвото за телекомуникациски услуги СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Скопје (допис бр.03-651/1), коишто со оваа телевизија имаат склучено договори за емитување, односно реемитување. На 03.02.2016 година, Трговското радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип по електронски пат ја извести Агенцијата дека „ТРД Роби ДООЕЛ не ја реемитува локалната телевизија ТРД ТВ Еми ДООЕЛ од Радовиш, бидејќи телевизијата престана да емитува програма“ (арх.бр.03-650/2 од 03.02.2016 година). Истиот ден, исто така по електронски пат, Друштвото за телекомуникациски услуги СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Скопје ја извести Агенцијата дека „...посочениот радиодифузер не врши емитување на програма во изминатиот период од 3 месеци“ (арх.бр.03-651/2 од 03.02.2016 година).

Од напред наведеното, неспорно е дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 13 ставови 3 и 6 од Законот за медиуми, односно на сопствената програма не ги објавил податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година, најмалку три пати годишно, во ударни термини и до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не доставил снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

Во член 13 став 6 од Законот за медиуми е наведено дека доколку издавачот на медиум и во дополнителниот рок не ги изврши обврските предвидени со овој член, надлежното регулаторно тело ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во член 23 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е утврдено дека доколку се констатира непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти, донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против издавачот на медиум, Директорот на Агенцијата може да преземе мерка односно да достави предлог до Советот за одземање на дозволата.

Согласно член 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско

емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување доколку, по издавањето на дозволата настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста.

Со оглед на утврдената фактичка состојба, согласно која имателот на дозволата, ТРД ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш, и во дополнително определениот рок од 45 (четириесет и пет) дена, согласно член 13 став 6 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), не ги извршил обврските утврдени во член 13 став 3 од Законот за медиуми, односно поради тоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста (член 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги), Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, во согласност со член 83, став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), достави Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш, бр. 08-47 од 05.01.2015 година.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 5-та седница одржана на ден 05.02.2016 година, го усвои Предлогот, Уп1 бр.08-33 од 04.02.2016 година, за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш, доставен од предлагачот, Директор на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, и донесе Заклучок, бр.02-669/8 од 05.02.2016 година.

Во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата на ТРД ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш, бр. 08-47 од 05.01.2015 година, а согласно член 82 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата достави Известување до наведениот радиодифузер (Уп1 бр.08-33 од 05.02.2016 година), во кое му беше укажано дека доколку не ги достави потребните податоци согласно член 13 став 3 од Законот за медиуми, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот на Директорот на Агенцијата, Уп1 бр.08-33 од 04.02.2016 година, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш, по што согласно член 85 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, радиодифузерот ќе биде избришан од регистарот на радиодифузери.

Известувањето Уп1 бр. бр.08-33 од 04.02.2016 година, му е уредно доставено на радиодифузерот ТРД ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш, на ден 08.02.2016 година.

Во согласност со член 83 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот на Директорот за покренување постапка за одземање на дозволата, да донесе одлука со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Со оглед на фактот дека имателот на дозволата ТРД ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш, бр. 08-47 од 05.01.2015 година, и во дополнителниот рок од 45 дена не ги исполнил обврските предвидени во член 13 став 3, а во врска со став 6 од истиот член од Законот за медиуми и не ги доставил потребните податоци до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, Советот на Агенцијата врз основа на член 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а

согласно Заклучокот на Агенцијата, бр.02-739/2 од 10.02. 2016 година, донесе Одлука со која Агенцијата ја одзема дозволата на ТРД ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш, бр. 08-47 од 05.01.2015 година, пред истекот на рокот за којшто е издадена, со што директорот на Агенцијата согласно член 23 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ќе донесе решение ТРД ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш, да се избрише од регистарот на радиодифузери.

Согласно член 84 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, Одлуката за одземање на дозвола за телевизиско или радио емитување е конечна, а против истата имателот на дозволата има право да доднесе тужба до надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Постапката пред надлежниот суд е итна.

Врз основа на погоре наведеното се донесе Одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Совет на Агенцијата,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Оваа Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш, е конечна. Против одлуката за одземање на дозволата, ТРД ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш, има право да поднесе тужба до надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка подршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Секторот за стратешко планирање и авторски права;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1;
- ТРД ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш;
- Агенција за електронски комуникации.